**Република Северна Македонија**
**Академија за судии и јавни обвинители**
**Павел Шатев**

# СОВЕТУВАЊЕ НА ТЕМА

# „ТУЖБИ ПОВРЗАНИ СО НАДОМЕСТ НА ШТЕТА ПРИ ЗАБРАНЕТИ ДЕЈСТВИЈА ВО РАБОТЕЊЕТО СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ“

**8 ноември 2019 година**
**Академија за судии и јавни обвинители**

Академија за судии и јавни обвинители
на Република Северна Македонија
Павел Шатев

## ЦЕЛНА ГРУПА НА УЧЕСНИЦИ

Советувањето е наменето за судии од граѓански оддели и стручни соработници од сите апелациони подрачја.

## КРАТОК ПРЕГЛЕД И ЦЕЛ НА СОВЕТУВАЊЕТО

Советувањето ќе се осврне на заложбите на зајакнување на судскиот систем со специјализација во споровите поврзани со хартиите од вредност, бидејќи тој ја претставува клучната оска на еден силен систем за наметнување на прописите, а како таков тој претставува предуслов за кредибилен систем на корпоративно управување. Затоа судовите треба да се обезбедат со доволно ресурси кои и преку овој вид на обуки ја зголемуваат својата стручност за справување со стопанските спорови. Систематската обука на судиите за економските прашања и зголемената специјализација на судскиот систем се вистинскиот пат за зголемување на стручноста на судовите. Систематското обелоденување на судските случаи и одлуките на судовите поврзани со областа на корпоративното управување можат, исто така, да придонесат за зголемување на свеста на деловниот сектор и да ја направат повидлива заложбата на јавноста за владеење на правото.

## МАТЕРИЈАЛИ

Презентации на излагачите поврзани со темата на советувањето

Релевантна легислатива:

- Закон за хартии од вредност
- Закон за преземање на акционерски друштва
- Закон за инвестициски фондови
- Закон за трговските друштва

Дел од наведените документи може да ги најдете на следниот линк www.jpacademy.gov.mk

## МЕСТО НА ОДРЖУВАЊЕ НА СОВЕТУВАЊЕТО

Академија за судии и јавни обвинители
бул. „Јане Сандански“ бр.12

## ИЗЛАГАЧИ

***проф. д-р Марко Андонов**, редовен професор и декан на Факултет за правни науки, Универзитет Американ Колеџ Скопје*
***г. Мате Стојановски,** главен правен советник, Комисија за хартии од вредност*

## АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

Наташа Баштованска, e-mail Natasa.Bastovanska@jpacademy.gov.mk

**Република Северна Македонија**
**Академија за судии и јавни обвинители**
**Павел Шатев**

## ПРОГРАМА

**8 ноември 2019 (петок)**

09:45-10:00 Пристигнување на учесниците

10:00-12:00 Хартиите од вредност и пазарот на капитал во Република Северна Македонија - вовед и карактеристики:

- Релевантна регулатива: Закон за хартии од вредност, Закон за преземање на акционерски друштва, Закон за инвестициски фондови, Закон за девизно работење, Закон за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и Закон за трговските друштва
- Примарен пазар на хартии од вредност
- Регистрација на хартии од вредност, вршење нетрговски преноси и порамнување на трговските трансакции
- Тргување со хартии од вредност – секундарен пазар, овластени учесници на пазарот на хартии од вредност
- Поништување на берзанска трансакција – спорна судска пракса
- Транспарентност - котација на хартии од вредност, акционерски друштва со посебни обврски за известување и акционерски друштва на слободен пазар
- Корпоративно управување – значење и улога
- Акционерски (инвеститорски) права

***проф. д-р Марко Андонов***
***г. Мате Стојановски***

12:00-12:30 Кафе пауза

12:30-14:30 1. Осврт на забранети дејствија при работење со хартии од вредност и право на тужба во случај на:

- Понуда на хартии од вредност – издавање
- Ценовна манипулација – секундарен пазар
- Ширење неточни информации
- Користење на манипулативни и измамнички дејствија
- Злоупотреба на внатрешни информации
- Неточни финансиски извештаи и извештаи што предизвикуваат заблуда
- Проспект кој содржи измамнички податоци

Академија за судии и јавни обвинители
на Република Северна Македонија
Павел Шатев

2. Надомест на штета во случај на преземање на акционерско друштво:

- Проспект кој содржи невистините податоци
- Мислење на органот на управување при преземање на акционерско друштво

3. Надомест на штета во инвестициско работење:

- од страна на Друштво за управување со: инвестициски фонд и приватен фонд
- од страна на депозитарна банка

4. Надомест на штета во случај на користење на правата од хартии од вредност:

- посебна одговорност на акционерите
- акционер кој примил забранетото плаќање
- одговорност на орган на управување
- зделка со заинтересирана страна
- поништување и побивање на одлуки на акционерско собрание

***проф. д-р Марко Андонов***
***г. Мате Стојановски***

14:30-15:00 Отворена дискусија, заклучни согледувања

***проф. д-р Марко Андонов***
***г. Мате Стојановски***

15:00 Пополнување прашалници